# ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА БИТУМЕНСКА ЛЕНТА ЗА АСФАЛТНИ И БЕТОНСКИ СПОЕВИ

# БИКУТЕКС







од 1957

БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ

www.bim.com.mk

# БИКУТЕКС

## ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА БИТУМЕНСКА ЛЕНТА ЗА АСФАЛТНИ И БЕТОНСКИ СПОЕВИ

CE

EN 14188-1



## ОПИС, СВОЈСТВА И ВИДОВИ

Хомогена смеса од полимер-модифициран битумен и минерален полнител, излиена во ленти со одредена димензија.

| Суштествени карактеристики | Својства | | | Хармонизирана техничка спецификација |
|---|---|---|---|---|
| | EN метода | Един. мерка | Вредност | |
| Точка на омекнување по ПК | EN 1427 | °C | ≥ 95 | |
| Конусна пенетрација на 25°C | EN 13880-2 | 0,1 mm | 40-130 | |
| Густина на 25°C | EN 13880-1 | g/cm³ | ≥ 1,1 | |
| Повратна еластичност и пенетрација | EN 13880-3 | 0,1 mm | ≥ 60 | |
| Отпорност на топлина; 168 h/ 70°C | EN 13880-4 | | | |
| Промена на конусна пенетрација | EN 13880-4 | 0,1 mm | 40-130 | EN 14188-1:2006 |
| Повратна еластичност и пенетрација на 25° | EN 13880-4 | 0,1 mm | ≥ 60 | |
| Промена на точка на омекнување | EN 13880-4 | °C | - | |
| Отпорност на течење 60°C/5 h, агол 70⁰ | EN 13880-5 | mm | ≤ 5 | |
| Реакција на оган | EN 13501-1 | евроклаcа | F | |
| Опасни материи | не содржи состојки на азбест или катран | | | |

*NPD- не се утврдени својствата

Букутекс лентата се произведува во согласност со МКС EN 14188 - 1 и тоа во две варијанти:

- **БИКУТЕКС** - полимер-модифицирана битуменска лента која се вградува по топла постапка со загревање;
- **БИКУТЕКС С** - самолеплива полимер-модифицирана битуменска лента која се вградува по ладна постапка.

Се произведува во повеќе димензии зависно од потребите на нарачателот:
5 x 1 cm ; 4 x 1 cm ; 3 x 1 cm ; 3 x 3 cm ; 3 x 2 cm и др., во ролни од 6 m.

## ПРИМЕНА

**БИКУТЕКС** се употребува како исполна на спој помеѓу два асфалтни слоеви, како исполна на спој на бетонски елементи со асфалт на мостови или други делови од коловозот, за исполнување на бетонски или асфалтни фуги и сл.




БИКУТЕКС на спој на асфалт со асфалт




БИКУТЕКС на спој на асфалт со бетон

## НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ

1



Пред да се отпочне вградувањето на лентата за спoеви, многу важна е припремата на површината каде што се вградува. Делот кај што ќе се појави спојот од асфалтираната лента каде што асфалтната мешавина е со најмала густина треба машински да се исече колку е можно попрецизно и под прав агол.

2



Откако ќе се исече делот од асфалтот од асфалтираната лента кај што треба да се појави асфалтниот спој, површината треба добро да се исчисти од прашина со метење и со дување со компресор, бидејќи прашината предизвикува слаба лепливост на материјалот со асфалтот.

3



Следен чекор кој се препорачува е загревање на исчистениот спој со пламеници, со цел провоцирање и избивање на површина на битуменот од асфалтната мешавина за поголема лепливост со лентата.



**БИКУТЕКС** - по топла постапка со загревање
Откако соодветно ќе се припреми подлогата, битуменската лента која е спакувана во ролни се одмотува и се започнува со лепење странично на засекот. Лепењето е со посебни бренери кои дуваат пропан бутан гас под висока температура и ја топат заштитната ПЕ фолија на лентата и делумно битуменската маса. Паралелно со дување на бренерот треба да се поминува – натиснува лентата на вертикалниот засек со помош на помошен алат – заоблени шипки кои се отпорни на високи температури.
При вградувањето се растопува и надворешната ПЕ фолија и со тоа при асфалтирање на нова лента, температурата од асфалтот полесно го растопува Бикутексот.



**БИКУТЕКС С** - самолеплива по ладна постапка
Самолепливата лента Бикутекс С е обложена со силиконизирана фолија која при вградувањето лесно се отстранува. Откако ќе се отпочне со лепење на лентата силиконската фолија паралелно се извлекува и лентата се натиснува на засекот. Препорачливо е откако ќе се залепи лентата Бикутекс С повторно да се помине со заоблена шипка како би се осигурала залепеноста на лентата.
При пониски температури, најчесто поради итноста на проектите доколку се вградува самолеплива лента Бикутекс С, препорака е, пред да се вгради, минимално да се помине со бренер, откако ќе се отстрани силиконската фолија.




Дебелината на Бикутекс лентата е 1 cm, а висината е различна зависно од потребите на нарачателот, односно дебелината на завршниот асфалтен слој. Поставувањето на Бикутекс лентата треба да е во висина со завршниот асфалтен слој.

**НАПОМЕНА :**
Бикутекс лентата, НЕ треба да се вградува во временски услови:

- На дожд, роса или влажност при магла;
- Ако релативната влажност на воздухот е над 85 % ;

Бикутекс лентите кои се вградуваат со загревање, најниска работна температура на подлогата треба да е + 10 °C и на воздухот + 10 °C :
Самолепливите битуменски ленти Бикутекс С кои се вградуваат по ладна постапка, најниска работна температура на подлогата треба да е + 20 °C и на воздухот + 20 °C.



ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА
БИТУМЕНСКИ ИЗОЛАЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ

**БИМ а.д. Свети Николе**
Железничка 164, 2220 Свети Николе, Македонија
+389 32 455 177; 455 377

**ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ**
Максим Горки 25, лок. 1, 1000 Скопје
+389 2 3227 908

bim@t.mk www.bim.com.mk Бим Ад Свети Николе @bimsveti nikole